РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-226/4

31.03 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 53 седница одржана на 18.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Технологија и безбедност на прехранбени производи", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за биотехнички науки - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Технологија и безбедност на прехранбени производи", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за биотехнички науки - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на земјоделски и ветеринарни науки – Квалитет и безбедност на храна /во меѓународен промет академски назив: Ph.D of Agricultural and Veterinary sciences in the field of Food Quality and Safety.

Научно - истражувачко подрачје: 4 Земјоделски и ветеринарни науки; Научно – истражувачко поле: 4.02 Сточарство и Млекарство, 4.05 Други земјоделски науки, 4.02.02 Преработки од животинско потекло, 4.05.03 Наука за храна , Научно - истражувачко област: 4.02.02.01 Хигиена и технологија на млеко и преработки од млеко, 4.02.02.02 Хигиена и технологија на млеко и преработки од месо, 4.02.02.03 Хигиена и технологија на други производи и суровини од животинско потекло, 4.02.02.04 Друго, 4.05.03.01 Квалитет и безбедност на храна.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Вангелица Јовановска, проф. д-р Гордана Димитровска, проф. д-р Џулија Томовска, проф. д-р Живко Јанкуловски, проф. д-р Митре Стојановски, проф. Д-р Трајан Дојчиновски, проф. д-р Мила Арапческа, проф. д-р Николче Јанкуловски, проф. д-р Дијана Блажековиќ Димовска, проф. д-р Елена Јошевска, проф. д-р Катерина Бојковска, вон. Проф. д-р Весна Карапетковска Христова, вон. проф. д-р Билјана Трајковска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 14-1489/6-5 од 26.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Технологија и безбедност на прехранбени производи", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за биотехнички науки - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-28/1 од 12.01.2026 година (наш бр. 08 - 226/1 од 29.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 48-та седницата одржана на 06.02.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 226/3 од 24.03.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 53-та седница одржана на 18.03.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски